Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација .

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за отпочнување со реализација на проектот „Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип“

2. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај“

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот „Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за „Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип“, во вкупна вредност од 164.842.324,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- во 2023 година најмногу 23.273.089,00 денари со вклучен ДДВ;
- во 2024 година најмногу 141.569.235,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за Изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај, во вкупна вредност од 91.978.983,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- во 2023 година најмногу 63.505.906,00 денари со вклучен ДДВ и
- во 2024 година најмногу 28.473.077,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 3

Владата заклучи предлогот од кадровските прашања, под Точка 1, даден на Двесте и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 декември 2023 година, со кој се предлага: „Хавзи Емини, да го отповика од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ) АД Скопје, предложен од страна на синдикатот, поради истек на мандатот, а за независен член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ) АД Скопје, предложен од страна на синдикатот да го избере Милорад Милановиќ“, да не се реализира.

## Точка 4

1. Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Владата по повод укажувањето на д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, заклучи Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје (Друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје) да учествува на оглас објавен од страна на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и

ургентен центар Скопје на страната на електронскиот систем за јавни набавки за јавна набавка на стоки-набавка на електрична енергија.

**3.** Владата повторно го разгледа дополнетиот нов текст на Известувањето до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за исполнувањето на условите од првиот и вториот преглед од Кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL) и го усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Министерството за финансии и се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија, да го потпишат Известувањето до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за исполнувањето на условите од првиот и вториот преглед од Кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL) и да побараат користење на 85% од квотата или 119,26 милиони Специјални права на влечење (СПВ).

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**Генерален секретар на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**